# Анализа: Кабелските и сателитски телевизии во Македонија (не) ќе успеат




Автор: **Никола Станков**

Издавач: **Институт за развој на електронски комуникации ИНРЕКОМ Скопје**

септември, 2019 година

# Содржина

Дигитализацијата, почеток на „главоболките“ за телевизискиот пазар........................................................................................................ 3

Штерјо поведе, следеа Велија, Ѕинго, па Стојменов - сателитските телевизии како печурки ...................................................................... 4

Стравот за својот удел на пазарот и лошите одлуки произлезени од него........................................................................................................ 5

Кој „измисли“ категорија на кабелски телевизии? .................................. 6

ТВ Нова – околности на неусхепот ......................................................... 7

1ТВ – „најбрзорастечки“ крај на постоењето .......................................... 9

Телевизијата – скапа играчка на бизнисмените чие оружје е моќта? .. 12

Која е иднината на медумскиот телевизиски пазар? ............................ 15

## ДИГИТАЛИЗАЦИЈАТА, ПОЧЕТОК НА „ГЛАВОБОЛКИТЕ“ ЗА ТЕЛЕВИЗИСКИОТ ПАЗАР

Последните десетина години се намножија телевизиите кои својата програма ја емитуваат преку мрежа која користи неограничен ресурс, кабел или сателит или емитување преку ДВБ-Т мрежата на локално, односно регионално ниво.

Периодот кој измина голем број на телевизии беа отворени, а потоа и набрзо затворени во Македонија. Се чини дека за дел од нив рентабилноста и ограничениот пазар или поточно маркетинг колачот кој го „јадат“ националните телевизии, е најголемиот проблем во борбата за опстанок во медиумскиот етер. Додека, други беа отворени единствено со цел сопствениците на истите да ги (зло)употребат за да остварат некое влијание или моќ.

Во Македонија, локалните телевизии не се новост, актуелни се уште од 90-тите години на минатиот век кога истите имаа добар просперитет, а некои од нив беа и меѓу првите приватни телевизии во државата. Но, трендот на телевизија која емитува низ цела држава преку кабел или сателит го започна Штерјо Наков со трансформацијата на тогашна АЛФА ТВ Скопје во сателитска телевизија, по што по пресметаниот ризик за својот удел беше отворена и сателитска телевизија А2 ТВ на Велија Рамковски, инаку сопственик на тогашната А1 Телевизија.

***ШТЕРЈО ПОВЕДЕ, СЛЕДЕА ВЕЛИЈА, ЅИНГО, ПА СТОЈМЕНОВ - сателитските телевизии како печурки***

Во вториот дел од првата декада на 2000-та година се акутелизираше сателитскиот начин на емитување на телвизиските сервиси. Во Македонија пионер во ова поле (не сметајќи ја А1 Плус како сателитски канал на А1 ТВ) беше АЛФА ТВ Скопје на Штерјо Наков која од локална стана сателитска телевизија, во време кога сопственичката структура се трансформира од грчкиот газда Димитрис Кондоминас, кој ја купи како локална телевизија стартувана како ТВ Скопје уште во 90-тите години на минатиот век.

Подоцна сопственииштвото се менува па газда на Алфа станува унгарскиот сопственик Петер Шац, како и медиумскиот анонимус Горан Балаќ од Земун - Србија, чии имиња испливаа на површина откако се појавија шпекулациите дека Штерјо Наков ќе ја жртвува Алфа ТВ со цел да си го спаси другиот бизнис во екот на владеењето на ВМРО-ДПМНЕ чии политики во тоа време не оставаа многу простор за различно мислење во јавната сфера.

По промената на сопственииштвото, покрај уредувачката политика се смени и начинот на емитување, односно во 2013 година, Алфа ТВ стана национален дифузер преземајќи ја одземената дозвола на А1 Телевизија.

## *СТРАВОТ ЗА СВОЈОТ УДЕЛ НА ПАЗАРОТ И ЛОШИТЕ ОДЛУКИ ПРОИЗЛЕЗЕНИ ОД НЕГО*

Но, да се вратиме кон крајот на првата декада од овој милениум и да го проследиме подемот на сателитските и кабелски телевизии. Имено, во 2008 година Велија по добро проценетата „закана“ од новата сателитска Алфа ТВ, плашејќи се за уделот на пазарот одлучува да ја отвори А2 Телевизија како нов тв канал од матичната телевизиска куќа...

Нелогично скапите лиценци за сателитско емитување не беа проблем за медиумскиот магнат, па набрзо А2 ТВ започнува со работа на сателитот „Еутелсат 2“. Новата телевизија започна како медиум кој во почетоците почна да го гради идентитетот како засебена телевизија од матичната А1 ТВ, но набрзо по неполна година ограничените пазарни можности, но и навиките на македонските гледачи резултираа во слаб рејтинг и удел на пазарот кој таа телевизија ја направи „репризен простор“ на сестринската А1 ТВ. По ова, дел од тимот кој застана позади новиот проект замина во друга телевизија, а друг дел се врати на А1.

Добриот залет во почетоците на А2, но и стравот од губење на позицијата на моќ беа инспирација и за другите национални дифузери како Канал 5 и Сител да си ја пробаат среќата со секундарни тв канали. ТВ Канал 5 Плус и Сител 3 започнаа да емитуваат сигнал, преку сателитскиот MPEG-4 систем. ТВ 5+ со новинарски тим се обиде да го следи рецептот на Велија со продукција на сопствена информативна програма, млади новинарски имиња, но и тоа не се прослави – барем не за долго...

ТВ Канал 5 Плус која истраја најдолго од сите горенаведени, престана со емитување по одземањето на лиценцата поради неподмирени давачки кон АВМУ во почетокот на годинава, додека Сител 3 поради истата причина прекина со работа во почетокот на минатата година.

Ситуацијата со А2 ТВ се заврши со одземање на дозволата во 2012 година поради непочитување на програмскиот формат, прво и последно одземање на дозвола поради оваа причина во историјата на постоењето на регулаторот СРД, а потоа и АВМУ. Одлуката за одземањето на дозволата на А2 се верува дека беше политичка, бидејќи дојде во време кога во А2 се правеше обид да продолжи ликот и делото на А1 ТВ која беше затворена во 2011 година.

### *КОЈ „ИЗМИСЛИ“ КАТЕГОРИЈА НА КАБЕЛСКИ ТЕЛЕВИЗИИ?*

Цената на дозволата за телевизија која емитува преку сателит беше нереално висока, а тоа неминовно доведе до потреба од нов начин на емитување кој ќе овозможи појава на нови медиуми. 2010 година ја одбележува појавата на првата кабелска телевизија со специјализиран карактер.

Телевизијата 24 Вести започна со емитување како Телевизија која емитува на национално ниво преку неограничен ресурс-кабел како програмски специјализиран сервис во чиј фокус беше информативната програма.

За ова подетално ќе навлеземе подолу во текстот. Од појавата на т.н кабелски и сателитски телевизии уште бројни обиди беа направени, поточно 22 телевизии беа отворени, а само околу половина од нив сè уште опстојуваат.

***ТВ НОВА – околности на неусхепот***




Покарактеристични примери за (не)успешни кабловски телевизии беа појавата на ТВ Нова и 1ТВ, првата како чисто информативна телевизија, додека другата со претежно општ - забавен карактер. Но, она што е интересно, а не е дел од програмската шема и политика на уредување, се нивните сопственици...

Во случајот на ТВ Нова тоа беше Сеад Кочан – скопски бизнисмен, сопственик на компанијата Трансмет, човек кој важеше за близок до претходната владејачка гарнитура на ВМРО-ДПМНЕ, а сега лице осудено за финансиски криминал кое должи 17 милиони евра како оштета кон државата во случајот „Труст“.

Во случајот со ТВ Нова уште од самата најава за отворање можеше да се предвиди уредувачката политика на медиумот, односно наклоноста кон тогашната власт на ВМРО-ДПМНЕ. Високите плати и навистина привлечните услови за работа натераа многу новинарски имиња да си ја пробаат среќата во новиот медиум.

Телевизијата на Кочан во двегодишното постоење не успеа да ги придобие гледачите пред се поради дискутабилната објективност која и беше припишувана, но можеби уште повеќе влијаеше моментот што таква телевизија дојде во екот на политичката криза во периодот пред

промената на власта.

Несомнено, многу пари беа вложени во медиумот чија цел, според дел од интернет троловите, беше да ја замени тогашната ТВ Сител која, според нив, важеше за прво пропагандно гласило на ВМРО-ДПМНЕ.

Но, не е непознатица преку телевизијата честопати да бидат „легализирани“ одредени пари чиј трансфер во некоја насока инаку би бил нелегален без поткрепа, иако не тврдиме дека тоа било така и во случајот на ТВ Нова.

Огромните пари кои беа инвестирани во медиумот, како и објективно атрактивните иновации во техничка и реализациска смисла, допринесоа оваа телевизија да ја одржат во етерот неполни две години. Но, откако сопственикот влезе во проблеми со законот започна и почетокот на крајот за ТВ Нова, а околу 150 вработени останаа „на улица.“

***1ТВ – „најбрзорастечки“ крај на постоењето***



Најсвеж пример во „силните“ почетоци за формирање на нова телевизија е телевизијата чиј неформален сопственик беше Бојан Јовановски, познат како Боки 13, иако во сопственииштвото формално фигурираа неговиот татко Миле Јовановски и Јасна Мандиќ.

Телевизијата која прво беше најавувана како интернет телевизија собра звучни имиња од медиумскиот бизнис, а во обид да се пробие на пазарот и токму пред почетокот на интернет телевизијата, доаѓа пресвртот дека телевизијата ќе емитува и преку кабелска програма, нешто што многумина тогаш го видоа како позитивен сигнал дека телевизијата може да постигне успех.

Проектот 1ТВ зад кој застана БМЈ Медиа Груп дозволата за емитување преку кабел од АВМУ ја доби на само два дена пред почетокот на програмата (најавен за 30 март) поточно на 28 март 2018 година, иако ваквиот тип на емитување беше најавен уште на почетоците на кампањата за новиот медиум, односно почетоците на месец март 2018 година. Од каде Бојан Јовановски како неформален сопственик знаел дека лиценца ќе биде доделена останува и понатаму дилема.

Телевизијата во текот на целото постоење ја следеа скандали и афери, како што го следеа впрочем и нејзиниот неформален газда Боки 13. Од

1ТВ често сакаа да се пофалат дека се „Најбрзорастечка телевизија во Македонија“ како и тоа дека биле најгледан медиум во даден период, иако бројките го говореа спротивното.

Телевизијата се засили со нови кадри есента 2018 со почетокот на новата телевизиска сезона, а оттогаш започнуваат и контроверзии околу работата на овој медиум, како и платите кои биле давани на вработените – за кои се шпекулираше дека само дел биле пријавени преку институциите на системот, а другиот дел во плико. Ваквите наводи, сепак, не беа докажани и останаа базирани само на шпекулативни разговори.

Можеби најконтроверзниот момент беше помпезно најавуваниот „Македонски Инсајдер“ како истражувачка емисија која, како што се тврдеше во најавите, имаше мисија да ги истражува сите криминали и афери во македонското општество.

Но, уште тогаш извесен бизнисмен од Скопје во медиумите алармираше дека му бил побаран рекет со цел да се запре објавувањето на емисијата која, според 1ТВ, го инкриминира него во криминални дејанија...

Аферата „Рекет“ многу набрзо доби и поголеми димензии преку колумните на новинарот Бранко Геровски во кои преку псевдоними тој алармираше за добро организиран рекет, во кој како што подоцна ќе биде отворено сомнение за вклученост и на самиот Боки 13 злоупотребувајќи ја телевизијата како алатка на моќ.

Ваквите чекори на Јовановски ќе се покажат како судбоносни за телевизијата која прекина со работа овој месец и самата побара отворање стечајна постапка, оставајќи околу 150 луѓе без работа.

Сепак, новинарите кои работеа таму имаат позитивни впечатоци од целиот проект наречен 1ТВ, таква е и новинарката-уредник Кристина Атовска која смета дека уредувачка политика на медиумот се карактеризирала со уникатност во македонскиот медиумски простор.



***„На македонските гледачи им недостасуваше свежина која значеше излез од фригидните телевизиски шеми, а за тоа најзаслужни се младите кадри кои ентузијастички ги искористија дадените ресурси за да искреираат програма која ги унапредува професионалните стандарди и која го следи чекорот со светските медиумски трендови. За жал не гледам друг медиум во кој квалификуваните млади кадри добиваат можност во целост да ги остварат своите идеи.“ – смета Атовска***

Дека медиумите се жртви на идеалите на сопствениците за свое факторизирање и остварување моќ во политичктие текови, за што зборуваме во следниот пасус зборува и сведоштвото на новинарката на 1ТВ...

***„Ако ме прашате сега, дали после скандалот Рекет во кој телевизијата беше колатерална штета, дали повторно би ја одбрала 1ТВ за мое работно место, одговорот ќе биде ДА. Во медиумот никогаш не сум била цензурирана, ниту пак некој се обидел да изврши влијание врз мојата работа...“ – Кристина Атовска, новинар и уредник во 1ТВ***

***Телевизијата – скапа играчка на бизнисмените чие оружје е моќта?***



Телевизијата како традиционален медум чие влијание сѐ уште е големо, неретко е алатка во рацете на сопственикот со која тој може да врши злоупотреби, односно да предизвика тектонски движења во политичко-општествениот живот со кои би ги реализирал своите цели.

Нашите двајца соговорници, експерти во медиумската област, се согласни дека нема ништо спорно во создавањето нов медиум со цел да се врши влијание, но она што се случува во Македонија претставува класична злоупотреба на тоа влијание со цел богатење и подобра општествена позиција на самите сопственици, наспроти јавниот интерес кој тие треба да го штитат и застапуваат.



Новинарот, член на Советот на Агенцијата за медиуми и добар познавач на состојбите во медиумите - Зоран Фидановски смета дека правилата на игра во медиумскиот бизнис мора да се почитуваат, осврнувајќи се на професионалните стандарди во работењето.

***„Покрај вложувањето кое мора да го правите континуирано од почетокот на работењето, свесни дека ќе треба да поднесете и финансиска загуба како сопственик, треба да соберете квалитетна екипа која ќе ги почитува професионалните принципи и стандарди во работењето на редакциите. Ако имате скриена намера, со таков медиум да терате нечија пропаганда, независно за кого станува збор, вие нема да успеете - бидете убедени во тоа.“ – вели Зоран Фидановски, добар познавач на медиумските прилики во земјава.***

На сличен став е и професорката и доцент во областа на медиумската проблематика, д-р Снежана Трпевска. Според неа медиумските сопственици преку телевизиите уште од почетоците на овој бизнис во Македонија препознаа плодна почва за притисок врз државата преку партијата на власт, а неретка е и појавата на блиска соработка со власта. Според проф. Трпевска, сопствениците се добро запознаени со моќта на телевизијата, како играчка за влијание.



***„Ретко кој има основано телевизиски медиум, кој е работен само заради професионални цели. Играњето со политката е константно од почетокот на постоењето на приватните телевизии па сè до денеска, преку врзување на сопствениците со партиите на власт или, во помал број на случаи, партиите во опозиција. Секоја поврзаност на политчка партија, било во опозиција, било на власт со медиумски сопственици или со медиумски професионалци не укажува на добра иднина за тој медиум. Во Македонија телевизиите се користат како средство за политичко и економско влијание, и за жал сè уште е така.“ – смета професорката Трпевска, медиумски познавач и основач на невладината РЕСИС.***

Злоупотребата на медиумите од страна на големите бизнис моќници кои може да си дозволат да отворат телевизија е придонес што состојбата кај медиумите во државата е лоша. Соговорниците со кои зборувавме се согласни дека голема улога игра фактот дали медиумскиот бизнис е основен бизнис на сопственикот.

***„Медиумот, телевизијата, мора да биде „core“ бизнис, односно основен бизнис на сопственикот - или единствен или основен бизнис, бидејќи само тие медиуми може да успеат. Она што го знам како искуство е дека секоја телевизија во Македонија првите 4-5 години од основањето работела со минус, за потоа да влезе на позитивна нула и евентуално да заработи понатаму за да стане профитабилна. Имаме и добри примери каде што сопственикот се поставил така што тој медиум им е основен бизнис и затоа просперираат по 20 и повеќе години или егзистираа ако не беа насилно затворени како А1 ТВ, притоа сакам да го одвојам моментот на истрагите кон сопственикот напсроти она што значеше А1 како медиум.“ – вели Зоран Фидановски, член на АВМУ.***

Регулаторното тело се чини дека нема визија за медиумскиот пазар, некористејќи ја најмоќната алатка во нивните раце односно доделувањето на дозволи и следењето на исполнувањето кај условите.

Тоа може да се промени само со заострување на критериумите и ревизија на исполнувањето кај условите од дозволите, но регулаторот треба да знае што сака да постигне на пазарот.

*„Законската регулатива е добра, добро поставена и хармонизирана со европските документи. Проблемот е во немањето стратегија за развој на пазарот со аудио-визуелните медиуми, односно стратегија има, но само како документ на хартија. Регулаторот тоа не го следи во пракса, првата стратегија на која работев јас, која го опфати периодот од 2007-2012, доведе до заклучок дека на пазарот има премногу медиуми. Пазарот треба да се рационализира, а Регулаторот да не доделува дозволи со леснотија. “ – додава Д-р. Снежана Трпевска*

Според нашите соговорници, единствено заострувањето на условите за учество на пазарот ќе доведат до негова регулација, но и професионализација. На тој начин ќе настане природна селекција на професионални медиуми кои ќе изнедрат на пазарот пред конкуренцијата, додека непрофесионалните ќе згаснат. Моќта и понатаму ќе остане главна одлика на телевизиите како медиум, односно играчка во рацете на газдтите, но...

*„Поентата е дека таа моќ не треба да се злоупотребува, медиумите треба да се општествено одговорни значи тие треба да се грижат и да го штитат јавниот интерес на граѓаните, а не интересите на нечии центри на моќ биле политчки, бизнис и слични. – вели Фидановски“*

***Која е иднината на медумскиот телевизиски пазар?***




Примерите на неуспешни медиуми кои ги наведовме во оваа анализа треба да служат како потсетник за од тие грешки медиумскиот бизнис да учи на патот кон идниот раст и развој. Секако, негативните импликаци од појавата на дел од ваквиот тип на телевизии, а особено оние кои ги обработивме во детали – ТВ Нова и 1ТВ, треба да бидат „повик за трезнење“ и кај самиот регулатор, во случајот АВМУ, кој треба да поведе сериозна анализа и детално да го преиспита секое барање за доделување дозвола на нов кабловски/сателитски медиум.

Пазарот на медиуми во Македонија не треба да си дозволува нови гафови од ваквов тип, бидејќи со опаѓањето на професионалноста во работата, опаѓа и вредноста на маркетинг годишниот удел кој е главен извор на финансирање на медиумите, но тоа е тема за друга анализа.

Во светот на кабелските / сателитски телевизии секако има и позитивни примери како ТВ 24 и Телевизија 21 чии определби во работењето ги одржуваат како сериозен играч на пазарот. Но, ваквите примери се вистинска оаза во медиумската пустина, особено ако  предвид го земеме фактот што една од нив е телевизија која е дел од групација на повеќе телевизии од балканскиот регион, наспроти првиот пример кој е „македонска инвестиција“

Потребата од реформи ја истакнува и нашата соговорничка Кристина Атовска според која најважен императив на промените треба да биде неприкосновената слобода на изразување, но и дека мора да се направат построги правила на игра до кои новинарите и медиумите треба да се придржуваат....



***„Да напоменам, новинарството е екстремно одговорна работа и сметам дека некфалификувани кадри не треба да се дел од системот кој креира јавно мислење. Секако, очајна е потребата за реформа во јавниот сервис и во медиумскиот регулатор кој потфрли во својата работа, но потребни се и реформи во однос на работничките права на медиумските работници, кои пак се предуслов за финансиска независност.“ – додава Атовска.***

Најавените реформи во медиумите кои беа главна ударна тупаница во заложбите на актуелната власт, во време кога беше опозиција, изостанаа. Состојбите во медиумите бележат само мало подобрување во однос на слободата, но лошите практики продолжуваат во нови бои.

Ќе има ли вистинска примена на пишаното слово во полето на медиумскиот бизнис или и понатаму Македонија ќе биде „полигон“ за финансиски и тактички маневри на сопствениците - останува да видиме. Можеби европеизацијата на државата ќе го присили пазарот да напредне, а можеби и не е далеку од невозможно да се исполни народното предание дека старите навики тешко се менуваат...